ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
НОВУС

# Наративен и финансиски извештај
# Центар за истражување и анализи НОВУС Струмица
# за
# 2022 година

# Проекти и активности

## 1. Платформа за инвестиции во заедницата – ПИЗ Community Investment Platform – CIP

## Наративен извештај

Проект во времетраење од 48 месеци финансиран од страна на Европската Комисија во рамки на програмата ИПА програмата за граѓанско општество и програма за медиуми 2018-2019 година. Проект кој се реализира во партнерство со Фондацијата за развој на образование и култура Албиз од Скопје, Здружението Мултикултура од Тетово и Здружение Центар за одржлив развој на заедницата од Дебар. Главна цел на овој проект е унапредување на капацитетот на локалните граѓански организации за градење меѓусекторски иницијативи кои имаат за цел социо-економски развој на заедницата во земјата.

Целта на платформата која ќе беше креирана во 2022 во овој проект е да создаде општество со одржлив граѓански сектор и општествено одговорни компании каде граѓанските организации и деловниот сектор, преку однос на доверба и меѓусебна соработка на иновативен начин ќе носат позитивни општествени промени во нашата држава.

Проектот и неговите активности ќе се осврнат на основниот недостаток што го ограничува основниот развој на заедницата во земјата- отсуство на доверба меѓу секторите и управување со квалитетот. Граѓанските организации ќе бидат обучени и вмрежени, меѓу себе како и со деловниот и јавниот сектор за тоа како да се развиваат, финансираат и спроведуваат проекти во заедницата.

**Реализирани активности во периодот на 2022 година:**

- Креирана платформа за инвестиции во заедницата која функционира на национално ниво;
- Месечни координативни средби за конципирање на конструкцијата, дизајнот, функционалностите на платформата;
- Реализирана средба со граѓанскиот и јавниот сектор од Струмичкиот и Југоисточниот регион за промоција на платформата и собирање на пристапници за истата;
- Собрани 10 пристапници од граѓански организации и компании за членство во платформата;
- Реализирана средба со бизнис сектор и јавен сектор од Југоисточниот плански регион за промовирање на резултатите од спроведеното истражување, платформата како и идниот повик за регрантирање.
- Реализирана средба со граѓанскиот, бизнис и јавниот сектор, каде говорници беа луѓе претставници од трите сектори кои веќе во пракса имаат резултати од спроведување на оваа меѓусекторска соработка, финансирање на иницијативи на граѓанскиот сектор од бизнис секторот, заеднички проекти и активности.
- Континуирана промоција на платформата и реализација на редовни состаноци со заинтересирани трети страни за начинот на функционирање и како тие можат да ја користат платформата;
- Собрани 3 разработени концепти од Струмичкиот регион и поставени на платофмата за собирање на финансиски средства;
- Доделни 7 грантови на локални граѓански организации во рамки на повикот за регрантирање како дел од овој проект;
- Континуирана поддршка во имплементацијата и репортирањето за проектот кој беше работен од организацијата во Струмица, ВК Актив;
- Организација на голем fund- raising настан за собирање на средства преку платформата кои по настанот беа донирани на здружението Мобилност Струмица, за набавка на

потребна опрема за членови на истата организација со попреченост.

# Финансиски извештај

**Реализирани трошоци од буџетот на проектот во 2022 година:**

| | |
|---|---|
| Плати на проектен тим | 236,500 МКД |
| Патни трошоци за реализација на активности | 11,350 МКД |
| Канцелариски материјали и трошоци | 17,919 МКД |
| Трошоци за организација на настани, кетеринг, изнајмување на сала. | 121,507 МКД |
| Индиректни трошоци- банкарски трошоци | 4,744 |
| **Вкупно** | **392,020 МКД** |

# 2. Млади - агенти на промената – Youth – Agents of Change

Проект во времетраење од 24 месеци, спроведуван во партнерство со ЦИД Куманово и Сојуз на Извидници , паралелно во општина Струмица, општина Куманово и општина Центар. Целта на проектот е поттикнување на младинските иницијативи, активизмот и волонтерството се еден од клучните предуслови за подобрување на локалната власт и зајакнување на сеопфатното и директно вклучување на граѓаните на локално ниво. Акцијата има за цел да го зголеми младинскиот активизам преку волонтирање за обезбедување социјална инклузивност на локалните заедници. Крајни корисници на проектот се средношколци, студенти, младински активисти, млади жени, млади со попречености, млади со помалку можности младински иницијативи, локални младински совети и членови на локалната заедница од општините Центар, Куманово и Струмица.

Специфични потреби кои ги адресира проектот се:
- Недостаток на структурирана соработка на младински активисти и волонтери со општините.
- Недостаток на специфични наставни програми и компетенции и вештини на наставниците од средните училишта за зајакнување и поттикнување на младинскиот активизам за опфат на ниво на заедница преку неформално учење.
- Недостаток на капацитет на младите да влијаат врз работата на локалните властидиректно и преку локалните младински совети.
- Граѓаните не се свесни за влијанието на младинските иницијативи, активизмот и волонтерството во општините.

**Активности спроведени во овој период:**

- Реализирани редовни месечни средби со проектен тим за потврдување на планираната временска рамка и текот на имплементација на активности;
- Реализирана средба со Градоначалник на општина Струмица, потпишување меморандум и претставување на програмата за волонтирање на млади во општината и другите локални општински институции;
- Организирање на петдневен тренинг камп за млади во Охрид на која учествуваа 87 учесници од средни училишта од цела држава. На кампот учениците се стекнаа со знаења за различни едукативни пакети, кои опфаќаат теми од волонтерството, лидерство, неформално образование, младински активизам, младинско учество, застапување, човекови права,

медиуми и дигитална писменост, интеркултурализам, меки вештини и многу повеќе.
- Организација на тродневна обука за професори и настаници во Берово. Тематскиот курс за обука за наставници за младински активизам и волонтеризам за информирање на ниво на заедницата. 43 наставници од Куманово, Центар и Струмица развија компетенции и вештини за зајакнување и поттикнување на младинскиот активизам за опфат на ниво на заедница преку неформално учење.
- Започнување на процедура за селекција на експерт за креирање на Водич за волонтирање на млади во општини и други општински јавни претпријатија;
- Координација и редовни состаноци со експерт во процесот на креирање на водичот за волонтирање – Local Youth Pathways;
- Креиран и промовиран локален водич за волонтирање, истиот е достапен на јавноста на веб страната на проектните партнери, како и е доставен до јавните институции и општните на користење;
- Организиран настан по повод светски ден на волонтерството на која присуствуваа над 70 волонтери, претставници од здруженија и организации кои работат со волонтери, Црвен Крст Македонија, Национална Агенција за Европски Програми и Мобилност, Национален Младински Совет на Македонија, Europe House Струмица, Скопје и Крива Паланка. Настанот беше одржан во Europe House Скопје на 5ти декември.

## Финансиски извештај

| | |
|---|---|
| Плати на проектен тим | 194,040 МКД |
| Патни трошоци за реализација на активности | 6,515 МКД |
| Канцелариски материјали и режиски трошоци | 17,181 МКД |
| Набавка на канцелариски инвентар | 60,760 МКД |
| **Вкупно** | **278,496 МКД** |

# 3. Заштита од корупција

Проект со времетраење од 24 месеци, со финансиска поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија, субгрантиран од страна на Центарот за Граѓански Комуникации Скопје.

Целта на овој проект е да се намали корупцијата и злоупотребата на јавните средства на ниво на локална самоуправа преку зголемување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на локалните институции и спроведувањето на мерките предвидени во Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021-2025 година. Здружение на граѓани Центар за истражување и анализи НОВУС, Струмица во 2022 работеше на остварување на оваа цел во општина Струмица. Предмет на анализа и истражување беа Општина Струмица и нејзините јавни претпријатија ЈПКД Комуналец Струмица, ЈП Паркиралишта Струмица и ЈПЕД Струмица Гас.

**Активности спроведени во овој период се:**
- Учество на редовните координативни настани во рамки на проектот, со цел градење на капацитетите на НОВУС за потребната област и експертиза потребна за имплементација на проектните активности;
- Редовни состаноци со координаторот и другите организации околу спроведувањето на истражувањето и мониторингот;
- Целосен мониторинг за период од една година за 2021, за процесите на водење на јавните набавки во општина Струмица и другите 3 јавни претпријатија основани од општината;
- Изготвување на комплетен извештај од мониторингот на јавните набавки спроведени од општина Струмица и јавните претпријатија за 2021 година;

# Финансиски извештај

| | |
|---|---|
| Плати на проектен тим | 133,600 МКД |
| Патни трошоци за реализација на активности | 14,000 МКД |
| Директни трошоци | 6,000 МКД |
| Канцелариски материјали и режиски трошоци | 55,200 МКД |
| Индиректни трошоци- банкарски трошоци | 3,550 МКД |
| **Вкупно** | **212,350 МКД** |

## 4. Граѓанско сојузништво за репортери без граници

Проектот има за цел да го привлече вниманието на јавноста и релевантните национални власти за слободата на новинарите и нивната безбедност. Дополнително проектот предвидува активности наменети за зголемување на капацитетот на граѓаните, посебно на младите во Југоисточниот плански регион, за медиумска писменост и препознавање на говор на омраза.

Главната цел или промената што проектот ја постигна е создавање на околина за суштинска партиципација на медиумските здруженија како влијателни актери во општеството во поглед на напредокот на слободата на новинарите од Југоисточниот плански регион и нивната безбедност, како и зголемување на капацитетот на граѓаните, посебно на младите во ЈИПР, за критичко размислување преку мотивација за креирање на сопствен став и одговорно изјаснување во јавноста, со користење на аргументи и компетентност.

**Активности спроведени во овој период се:**

- Воведна прес конференција и запознавање на јавноста со проектот;
- Спроведено комплетно мапирање, истражување и анализа на јавносто мислење преку анкетен прашалник со 180 испитаници и интервјуа за слободата на репортирање;
- Спроведена тркалезна маса со новинари, медиуми, медиумски работници, институции и здруженија за презентација на наодите од истражувањето;
- Спроведена работилница за млади од ЈИПР за медиумска писменост и говор на омраза;
- Спроведени 2 дебати, од кои едната со новинари, медиумски работници и сопственици на медиуми, а втората со претставници на институции и граѓански организации;
- Креиран рекламен спот за подигање на свеста кај јавноста за медиумска писменост;
- Реализирана герила акција- Избриши ја омразата каде директно беа вклучени 20 млади луѓе;
- Креирана и испечатена брошура во 200 примероци за медиумска писменост и градење на критичка мисла;
- Јавна трибина за репортери без граници, со вклучени сите засегнати страни од областа во ЈИПР;
- Завршна конференција и презентација на целокупните резултати;

# Финансиски извештај

| | |
|---|---|
| Плати на проектен тим | 122,446 МКД |
| Трошоци за експерти/ангажирани | 116,850 МКД |

| | |
|---|---|
| лица поврзани со проектните активности – директни трошоци | |
| Други директни трошоци | 146,924 МКД |
| Канцелариски материјали и режиски трошоци | 27,552 МКД |
| Индиректни трошоци- банкарски трошоци | 5,166 МКД |
| **Вкупно** | **418,938 МКД** |

# 5. Иницијатива за социо-економско зајакнување на младите од Струмичкиот регион

Проект регрантиран од страна на Младински Сојуз Крушево, со финансиска поддршка од страна на Европската Унија. Главната цел на овој проект е создавање на можности за социо-економски развој на младите од НЕЕТ категории и млади со помалку можности, како и поддршка при зголемувањето на економската партиципативност на општата млада популација во Струмичкиот микро-регион.

**Активности спроведени во периодот се:**

- Промоција на младинското вработување и запознавање на јавноста со НЕЕТ категории од Струмичкиот микро регион, за активен придонес на младите во развојот на заедницата и стимулирање на нивните потенцијали и професионална ориентација од страна на граѓанските организации;
- Спроведено комплетно мапирање на младите од НЕЕТ категорија и млади со помалку можности од струмичкиот микро регион:
- Спроведено истражување со дистрибуирани 100 анкетни прашалници на млади, со акцент во руралните средини заради утврдување на потребите на младите од регионот за пазарот на труд и поттикнување на социо-економски развој;
- Спроведени 3 дводневни работилници за млади од НЕЕТ категории на теми потребни за нивен личен и професионален развој и зајакнати компетенции и вештини, со повеќе од 80 млади луѓе на истите;
- Креирана публикација со препораки за подобра интеграција на НЕЕТ групата млади и млади со помалку можности во процесот на образование, обука и вработување, испечатена во 300 примероци и дистрибуирана до релевантните институции и страни во регионот;
- Организиран голем регионален саем за вработување и вмрежување со повеќе од 30 компани учесници понудувачи на работни места и повеќе од 400 посетители и учесници.

## Финансиски извештај

| | |
|---|---|
| Плати на проектен тим | 214,943 МКД |
| Трошоци за експерти/ангажирани лица поврзани со проектните активности – директни трошоци | 126,014 МКД |
| Други директни трошоци | 158,178 МКД |
| Канцелариски материјали и режиски трошоци | 97,232 МКД |
| Индиректни трошоци- банкарски трошоци | 4,982 МКД |
| **Вкупно** | **601,349 МКД** |

# 6. Обединети во различностите

Проект финансиран од страна на НДИ Националниот Демократски Институт. Овој проект има за цел унапредување на интеркултурниот и интеррелигискиот дијалог помеѓу населението кое живее во нашиот микрорегион, со псобен акцент на унапредување на практицирање на верски слободи и права и генералните основни човекови слободи и права кај младите. Во текот на проектот беа вклучени повеќе верски заедници кои се присутни во Струмичкиот регион и вкупно 36 млади од Струмица и Куманово.

**Активности спроведени во овој период се:**

- Брошура „Верски објекти и културно-историски споменици во Струмица и струмичко“ во која се прикажани дел од најважните и најбележитите споменици во Струмица и струмичко, изразувајќи го диверзитетот на овој мал но исклучително богат регион https://bit.ly/3IgMXah
- Истражување за состојбата на интеркултурен и интеррелигиски дијалог во струмичкиот регион. https://bit.ly/3WKdzom
- Платформа „United in diversity“ која служи за запознавање на основните човекови права, верски слобода и права и место за повеќе информирање и пријавување во случај на прекршување на верските права и слободи, слобода на изразување и пријавување говор на омраза и криминал од омраза. https://associationnovus.org/
- Работилници за градење капацитети кај младите од Струмичкиот регион. Спроведени спроведени три дводневни работилници за градење на капацитети кај младите од Струмичкиот регион во однос практицирање на верски слободи и права и основни човекови слободи и права. Во рамки на работилниците за градење капацитети учествуваа вкупно 28 млади од Струмичкиот регион, но и 8 млади од Куманово. Тематски единици кои беа обработени заедно со младите беа поделени во три дела и тоа:
    - Запознавање со поимите на меѓурелигиски, меѓукултурен и меѓуетнички дијалог;
    - Запознавање со основните човекови права и верски слободи и права;
    - Препознавање говор на омраза, злосторства од омраза и антирадикализација
- Посета на споделување искуства во „Центар за интеркултурен дијалог – ЦИД“ Куманово
- Посета на верски и културно – историски локалитети во Струмица и струмичко

# Финансиски извештај

| | |
|---|---|
| Плати на проектен тим | 203,616 МКД |
| Патни трошоци | 16,520 МКД |
| Трошоци за експерти/ангажирани лица поврзани со проектните активности – директни трошоци | 120,960 МКД |
| Други директни трошоци | 257,768 МКД |
| Канцелариски материјали и режиски трошоци | 26,880 МКД |
| Индиректни трошоци- банкарски трошоци | 3,360 МКД |
| **Вкупно** | **626,104 МКД** |

# 7. Агенција за вработување на РСМ

Финансиски средства добиени како субвенционирање од страна на Агенцијата за враотување на РСМ за вработување на ново лице со комплетно платени придонеси на полно работно време.

## Финансиски извештај

| | |
|---|---|
| Набавка на канцелариски инвентар-опрема | 144,387 МКД |
| Канцелариски материјали и режиски трошоци | 9,000 МКД |
| Индиректни трошоци- банкарски трошоци | 346 МКД |
| **Вкупно** | **153,733 МКД** |

# 8. Strumica YOUth Festival

На 12 август го прославивме светскиот ден на младите со организирање на првиот „Strumica YOUth Festival" заедно со Europe House Струмица и Црвениот крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Струмица.
На младинскиот фестивал учествуваа млади луѓе не само од Струмица, туку и од целиот Југоисточен регион со учество на околу 80 млади како и повеќе организации од Валандово, Гевгелија, Струмица и Радовиш од регионот. Програмата на фестивалот имаше за цел да ги покрие и презентира 11-те европски младински цели и да го прослави не само Светскиот ден на младите, туку и Европската година на младите.

## Финансиски извештај

Овој настан немаше поголеми финансиски импликации врз работењето на нашата организација, бидејќи сите трошоци поврзани со активностите за фестивалот беа поддржани од страна на општина Струмица и Europe House Струмица.

# 9. Партнерски Erasmus+ проекти и одбележување на Еразмус денови во 2022

Во текот на 2022 година, Центар за истражувања и анализи НОВУС, беше партнер на два Erasmus+ проекти и тоа:

- **"Say NO to Discrimination"** младинска размена. Младинската размена се одржа од 10 до 17 мај, во Марибор Словенија. Партнерски организации: Fundacija Študentski tolar (Словенија – водечки партнер), IRSE (Полска), Elios (Италија), Social inclusion (Грција) и CIA NOVUS (Северна Македонија).
- **"Training course for inclusion methods in daily youth workers job",** тренинг курс за младински работници одржан од 21 до 29 ноември. Овој тренинг курс беше спроведен во Крајова Романија на кој учествуваа четири младински работници од НОВУС, а како учесници на овој курс беа младински работници од 14 држави.

- **“Shared slice of Pizza for shared Erasmus experience”,** одбележување на Еразмус денови во просториите на НОВУС на која присуствуваа

# Финансиски извештај

Овие проекти немаа финансиски импликации врз работењето на нашата органзација,бидејќи сите трошоци поврзани со активностите беа на товар на водечките партнери.